УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3

БРОЈ 3

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7   78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ...............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ ......................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ..............................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000)........................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...........................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици ......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ..............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ...........................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување .......................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ...................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ........................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација ......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците .......................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ..................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ...........................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

781.1:[784.4:392(497.7)

Проф. Д-р Родна **ВЕЛИЧКОВСКА**

# ОРОВОДНИТЕ ПЕСНИ И НИВНАТА ТЕРИТОРИЈАЛНА ДИСТРИБУЦИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО ОБРЕДНО-ПЕЈАЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

Ороводните песни се посебен вид на магиски практики во кои во основата стои образец на организирано движење (Народное музыкальное творчество 2005: 110).

Македонските ороводни песни во животот на традиционалната селска заедница се тесно поврзани со особеностите на локалните системи на народната обредно-пеачка култура. Пеењето на оро е групно кое одговара на колективниот почеток на традиционалните танци. Нивните основни генетски функции се јавуваат условени од музичкиот ритам и моториката на кореографските движења, а определувањето на кореографската композиција е прицврстена за кореографскиот напев кој никогаш не се менува.

Бројните примери на ороводни напеви последователно ги истакнуваат етапите на историскиот развој на еден жанр кои се типични за различни локални пеачки традиции. Тие претставуваат дел од календарскиот обреден комплекс, а се дел и од свадбениот обреден комплекс. Нива ги исполнуваат девојки или млади жени.

Целта на овие истражувања пред сé е да се истакнат основните пејачки типови на локалните ороводни традиции низ нивната територијална дистрибуција, односно, распространетост во македонското традиционално обредно-пејачко изразување.

Терминот ороводни песни во источно-македонските традиции може да означува: *секое играње на отворен простор*, *собор на луѓе* и *мелопоетски-кореографски жанр*.

Во западно-македонските пејачки традиции се користи терминот „оречки песни”, „шо се тргат на оро”[1], задржувајќи го основниот корен на зборот „оро”.

Како и во повеќето македонски традиции ороводната пејачка традиција

[1] Според кажувањата на Мара Милошевска, АИФ, магнетофонска лента, бр. 2180, с. Гоновица, Гостиварско, 1971 год.

има сезонска ограниченост, каде различната календарска фиксираност на ороводните песни образува опозиција на зимските и пролетно-летните групи на напеви, а локалните ороводни песни се исполнуваат претежно напролет.

Најнапред ќе ги истакнеме ороводните песни кои се изведуваат за време на пролетните празнувања, односно во обредните поворки, како што се лазарските како дел од живата обредно-пејачка традиција во Македонија (Veličkovska 2007: 71-88).

О. Васиќ во својот труд „Улогата на половите во обредната пракса...", истакнува дека, покрај песните, важна улога имаат и игрите (танцот), со основните танцувачки елементи како што се: **тапкањето**, **вртењето** и **скокањето**, кои во етнокореологијата се толкуваат како знаци за повикување на ветрот, растот на посевите и поттикнување на плодноста (Васић 1998: 42). Со ова, на извесен начин, се потврдува улогата и функцијата на лазарките чијашто обредност, пеење и играње е задолжителна за девојчињата во поширокиот македонски ареал, задржувајќи ја притоа својата архаичност заедно со антифониот начин на пеење во формација: две или три групи по три девојки.

Така, во западните обредно-пеачки традиции, поточно, во полските села од Охридско-струшкиот регион[2], обредноста (играњето и пеењето) е задолжителна за девојчињата.[3]

Во североисточните предели на Р. Македонија лазарските обреди и песни се изведувале само во селата на планинскиот масив и во подножјето на планината Козјак,[4] како и во Кривопаланечкиот регион во селата од повисоките планински предели,[5] карактеристично е постоењето на три

2) Јанкоец, Лескоец, Велгошти, Мешеишта, Требеништа, Косел, Ливоишта, Волино (Охридско поле) и Мороишта, Ложани, Драслајца, Лабуништа, Мислешево, Радожда, Враниште, Вевчани, Модрич (Струшко поле).

3) Подетално за овие празнувања види кај (Величковска 2006: 143-185).

4) Подетално види кај Симо Младеновски за лазариците во Козјачијата. На "лазаровден", се собирале две групи по две или три девојки и девојчиња, накитени и облечени во најубавата руба, оделе од куќа на куќа и пееле песни, а две лазарки шетаат меѓу нив и се разминуваат играјќи. Најнапред се избира најубавата девојка за "лазарица" или "Лазар,(Младеновски 1973: 233). Девојката, која е маскирана и облечена во машки алишта, одела пред лазариците и играла со јатаган или нож во рацете, (Хаџивасиљевић 1909: 391).

5) како што се: Подржикоњ, Луке, Огут, Трново, Црцорија, Т'лминци, Жидилово и други, на сличен начин како во пределот Козјачија (Кумановско). (Олевска (Величковска)1989: 187-19); (Матијашевиќ 1989: 229-235).

типа лазарски песни: 1) „на одѐње", или „на шета́ње",[6] 2) на „стоја́ње"[7] и 3) на „вртѐње",[8] односно „на игра́ње", а како основни танцувачки елементи се: *тапкањето*, *вртењето, скокањето* и преплетот, односно, змијовидното движење при играњето. (Види ги примерите бр. 1 и 2).

Велигденските празнувања се проследени со ороводни песни. Поголемиот број Велигденски песни се изведуваат на оро и се нарекуваат „ороводни песни". Девојките, фатени во *обредното оро*, изведуваат песни антифоно: најнапред започнуваат да пеат првите две девојки, а потоа настапуваат другите две, па третите, во зависност од бројот на девојките во орото кое често се спомнува во стиховите на овие песни. (Види пример број 6 и 7, карактеристични примери за Пијанечкиот регион).

Според кажувањата на Милан Ристески за велигденските празнувања во Мариовскиот крај е дека се „танцувало" само со песни, а не со музика (свирка). Девојките, фатени на оро, пеат и играат - пеат две по две: најнапред почнуваат девојките на челото, а завршуваат тие што се на крај (Ристески 1960: 55-60; бр. 6 1960: 56-69). Меѓу песните во збирката, чиј број е прилично голем, велигденскиот мотив е прилично застапен, како на пример песната: «Оро ми играле триста самовили», типичен за западниот музичко-дијалектен ареал (види во: *Стремеж*, бр. 6, песна бр. 1).

Како посебен вид на фолклорен жанр ороводните песни се изведувале за време на ѓурѓовденските празнувања на селските заедници. Драгоцени се кажувањата на народната пеачка Момироска Пројка родена 1908 година во Прилепското село Гостиражни, дека за време на ѓурѓовденските празнувања, девојките по лулањето ги собираат јажињата од лулашките и заминуваат на сретсело да се фатат на оро („на танец"). Ороводецот,

---

6) Карактеристично за првиот тип е тоа што песните се пеат кога лазариците шетаат по полето.

7) За вториот тип лазарски песни, односно за песните на „стоја́ње", карактеристична е употребата на рефренот „Лазаре", кој како метричко проширување во основниот стих делува како целинка во рамките на овие мали музички форми. Карактеристично за овој тип е тоа што при нивната изведба лазариците стојат и пеат, а машкиот и женскиот „Лазар" наизменично одат еден спрема друг и пак се враќаат назад. На тој начин тоа продолжува и трае сѐ додека се пее песната.

8) Карактеристично за третиот тип, односно за песните „на вртѐње" или „на игра́ње" е играњето (со преплетување) и антифониот начин на пеење, како на пример во песната: "Јовде се игра големо оро" (види пример бр. 1). За интерпретацијата на првиот и третиот тип карактеристична е појавата на текстуелни и мелодиски цезури по првиот слог од вториот стих, кои на извесен начин ја разбиваат едноличноста на музичките делови во песните, а зад сето тоа лежи магискиот карактер на интерпретациите.

односно „танчаријата“, мора да биде девојка која ужива глас на добра пеачка („песнопојка“) која истовремено го „води“ и орото, а по неа сите играат и пеат[9].

Ороводните песни се изведувале за време на локалните празнувања на селските заедници, а се изведуваат на соборите преку целата година. Тоа што го пејат жените во селата кои се наоѓаат во границите на целата област Осоговија, за време на сите верски празници и собори, е јасен оглас за силно изразена *ороводно пејачка традиција,* која се одликува со целата архаичност како по начинот на пеењето (антифоно), така и по стилските карактеристики, типични за Пијанечкиот и Кочанскиот музичко-фолклорен ареал. (Види ги примерите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12).

Така, за време на ѓурѓовденските празнувања (на собор) во с. Истибања, Виничко се пее многу познатата ѓурѓовденска ороводна песна „Мори Ѓурѓе, жално Ѓурѓе“. (Види пример бр. 4). Типичен пример на ороводна ѓурѓовденска песна во Овчеполскиот регион е песната „Овци пасе Маргѝта девојка“. (Види пример бр. 3).

Едно од најзначајните празнувања во посочениот Пијанечкиот и Кочанскиот музичко-фолклорен ареа е „Тодорица“. Така, за време на Тодоричките празнувања жените покрај обавувањето на разни обредни дејства,[10] ја играат и ја пеат познатата ороводна песна: „Тодорѝнко баш имѐнко“. (Види пример број 8).

Во овој ареал карактеристично е пеењето и играњето на многу популарната ороводна песна „Свети Петко сиромáшен“, за време на Петковденските (Св. Петка) празнувања, во која се пее за забраната за вршење на полска работа. (Види пример број 10). Истотака, во посочениот ареал на Македонија можат да се сретнат песни посветени на Спасовден, кои во западниот дел се непознати. Еве еден пример на ороводен тип песни кој се изведува со пеење и играње за време на Спасовденското празнување, „на собор“ (Види пример број 9).

Од истражувањата спроведени во споменатите пунктови, дојдов до интересни информации дека голем број од ороводните песни се пеат и денес за време на сите верски празници и селски собори.

---

9) АИФ, м.л. бр. 1133. Подетално види во: (Величковска 2008: 66-67.)

10) месат погача со лук и ореви (тоа е т.н. „тодорова погача” и со неа ги крмат воловите). Соопштила Стојка Милчевска, АИФ, касета бр. 3918.

Посебен одраз ороводните песни наоѓаат во свадбеното обредно пеење во пијанечкиот регион и во северо-источните пејачки традиции. (Види ги примерите бр. 12 и 13).

Карактеристично за ороводните напеви е строгата ритмичка периодичност, која се изразува во сразмерноста на рамномерната сегментираност (види ги примерите бр. 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13), или пак, во цезурираната градба на музичките форми на лазарските песни од Кривопаланечко. (Види ги примерите бр. 1 и 2). Намалувањето или зголемувањето на единиците на пулсирање, по правило, е сврзано со промената на телото или формата на кореографското движење. Звучната организација кај некои песни јасно е изразена во бордунската дијафонија, во зависност од регионите во кои тие се присутни. Карактеристично за овие песни е појавата на рефрени, кои неретко се регламентирани во времето.

Зоните на распространетост на ороводните песни на македонската територија се во корелација по принципот на заемодејство, што во себе има длабинска основа. Очевидно е тоа што ритмичките типови и мелодиските структури во ороводните песни се јавуваат трансформирани во однос на жанрот на ороводните песни во структурата на календарските песни. Тие се одликуваат по музичко-дијалектниот стил, главно најчесто се изразени преку умерените движења, градбата на мелодиската линија, двогласните фактури и манири на исполнување.

**Користена литература**

Васиħ, Оливера. 1998. Улога полова у обредној пракси нашег народа, *Постструктуралистичка наука о музици*, Специјално издање, „Нови звук“, СОКОЈ-МИЦ при ФМУ, Београд.

Величковска, Родна. 2006. Женското обредно пеење во Охридско-струшкиот регион, *Современата состојба на фолклорот во Охридско-струшкиот регион*, Скопје, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 63, Скопје.

Величковска, Родна. 2008. *Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење – обредно пеење*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Македонско народно творештво, Народни песни, Книга 17, Скопје.

Veličkovska, Rodna. 2007. The Living Singing Tradition of Saint Lazarus in Macedonia, *Reserch of Dance and Music on the Balkans*, International Simpozium, Brčko.

Матијашевиќ, Весна. 1989. Обичаите, игрите и песните за Лазарица во Кривопаланечко, *Македонски фолклор*, XXII/43, Скопје.

Младеновски, Симо. 1973. Лазарици во Козјачијата (Кумановско), *Македонски фолклор*, год. VI, бр. 12, Скопје.

Народное музыкальное творчество, 2005. Государственый институт искусствознания - Композитор, Санк-Петербург.

Олевска (Величковска), Родна. 1989. Некои особености на лазаричките песни во Кривопаланечкиот крај, *Македонски фолклор*, XXII, 43, Скопје.

Ристески, Милан. 1960. Велигденски обичаи и песни во Мариовскиот крај, *Стремеж*, бр. 5 и 6, Прилеп.

Хаџиваcиљевић, Јован. 1909. *Јужна Стара Србија, Историјска, етнографска и политичка истраживања*, Књига прва: *Кумановска област*, Београд.